**Фонд за техничка документација**

**Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

**Прашања и одговори (4)**:

1. **Дали може да се аплицира за станица за мерење на загаденоста на воздухот?**

**ОДГОВОР:** Да, доколку проектот вклучува изработка nа потребната техничка документација (на пр., основен и урбанистички проект) за мерни станици за загаденост на воздухот. Со грантот не се поддржува набавка на потребната опрема.

2. **Дали може да се поддржи техничка документација за примена на енергетско ефикасни мерки на основно училиште и уредување на училишниот двор. Во исто време би предвиделе пренамена на дел од објектот во детска градинка.**

**ОДГОВОР:** Проектите за реконструкција на јавни објекти со цел за намалување на аерозагадување преку имплементација на енергетско ефикасни мерки се поддржануваат со овој повик. Проектот може да вклучува пренамена на дел од објектот, но не и негова надградба или доградба.

3. **Дали може да се аплицира за донесување на урбанистички план?**

ОДГОВОР: Со вториот повик не се подржуваат проекти за изработка на Урбанистички планови во или вон населени места.

4. **Дали може да се аплицира со техничка документација за катна гаража, со цел намалување на сообраќајот во центарот каде што една од причините за создавање на сообраќајниот метеж е големиот број на соодветно и несоодветни паркирани возила. Притоа ел од сегашниот паркинг простор би се пренаменил за велосипедски патеки?**

**Одговор:** Доколку проектот предвидува паркирање надвор од централното градско подрачје со што би се намалил сообраќајниот метеж во центарот на градот, а воедно би се предвидело сообраќајно решение со користење на друг превоз до центарот на градот (пешачки патеки, велосипеди или градски превоз), Проектот може да биде поддржан. Притоа, потребно е јасно да бидат опишани причините и целите по однос на намалувањето на аерозагадувањето.

5. **Дали може да се поддржи проектна документација за објект - пат кај кој потребно е да се решава имотно-правни односи за еден негов дел? Патот е во ДУП, ама зафаќа делумно приватни парцели? Дали може со Изјава на Градоначалник?**

**ОДГОВОР:** Проектот со изградба или реконструкција на локален пат со кој се решава сообраќајниот метеж и се намалува аерозагадувањето може да биде поддржан со овој повик за изработка на техничка документација. Доколку населеното место или општина има донесено ДУП, потребно е да се се изработи Урбанистички проект вклучително и елаборат со нумерички податоци во кој се евидентирани сите приватни и државни парцели кои се во проектниот опфат. Елаборатот со нумерички податоци е основен документ врз кои дополнитено општината треба да изработи Елаборат за експропријација според регулативата.

Во овој случај, потребна е изјава од градоначалникот дека општината се обврзува сите евентуални имотно-правни спорови да ги реши до добивањето на одобрението за градба.

Објекти од високоградба каде што не се решени имотно-правните спорови (на пр., пренамена на објектот/зградата од приватна во државна или општинска сопственост), нема да се поддржат со овој повик.

6. **Дали може да се аплицира за техничка документација за училишта кои се греат на нафта да се пренасочат на греење со примена топлински пумпи, како и изработка на документација за изолација на фасади?**

**ОДГОВОР:** Проектите за реконструкција на јавни објекти со цел за намалување на аерозагадување преку имплементација на енергетско ефикасни мерки (на пр., замена на фосилни горива со алтернативни мерки – на пример топлински пумпи) се поддржани со овој повик.

7. **Дали може да се аплицира за нова фекална инфраструктура?**

**ОДГОВОР:** Со вториот повик ваков тип на проекти (нова фекална инфраструктура )нема да се поддржат.

8. **Дали може постоечка инфраструктура за управување со отпадни води може да се рехабилитира, надгради итн.?**

**ОДГОВОР:** Вториот повик не поддржува проекти од ваков тип, односно проекти за изградба или реконструкција на постојна инфраструктура за управување со фекални отпадни води. Сепак, доколку проектот опфаќа рехабилитација на пречистителни станици за отпадни води со цел намалување на потрошувачката на електрична енергија со користење на алтернативни извори на енергија или технолошки процес со кој се намалува потрошувачката на енергија, во тој случај проектот може да биде поддржан.

9. **Дали може да се изработи Урбанистички план и техничка документација за пристап до постојна индустриска зона.**

**ОДГОВОР:** Со овој повик не се подржуваат проекти за изработка на Урбанистички планови или техничка документација за пристап до индустриски зони.

10. **Дали може да се поддржи проектна апликација за пешачки патеки кои се на различни локации и ако за нив се потребни повеќе одобренија за градење?**

**ОДГОВОР:** Со овој повик се подржуваат проекти за изработка на техничка документација за издавање на максимум две одобренија за градба. Доколку проектот за изградба на пешачки патеки можат да се „групираат“ (преку изработка на максимум две Проектни програми) на тој начин што ќе бидат потребни максимум две одобренија за градба, во тој случај проектот може да биде поддржан со вториот повик.